РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-706/4
03. 07 2024 год.
ПЕТРОВЕЦ

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
## НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА РАЗБРАБОТКА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА Г.П. 5,6 К.О. ЌОЈЛИЈА, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ ОД УПВНМ ЌОЈЛИЈА ЗА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА ЗОНА – ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-706 од 04.03.2024, за одобрување на Урбанистички проект, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА РАЗБРАБОТКА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА Г.П. 5,6 К.О. ЌОЈЛИЈА, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ ОД УПВНМ ЌОЈЛИЈА ЗА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА ЗОНА – ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ** со технички број **У-12/24** од април 2024 год. изработен од Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за градежништво, проектирање трговија и услуги СТАН АРТ ДОО Куманово, поднесе барање за одобрување на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА РАЗБРАБОТКА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА Г.П. 5,6 К.О. ЌОЈЛИЈА, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ ОД УПВНМ ЌОЈЛИЈА ЗА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА ЗОНА – ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ,** со технички број У-12/24 од април 2024 год.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3. Извод од урбанистичка документација

4. Геодетски елаборат

5. Полномошно

6. Податоци информации и мислења од релевантни институции

7. Ревидиран Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената

документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. У-12/24 од април 2024 год. може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-706/3 од 26.06.2024 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

---

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**